

# BIOCOM4YOU.COM

## КАТАЛОГ ЗА ДОМАЌИНСТВОТО

**Natur Deo**
Заштита
без мириси

**Mirtill**
во секојдневјето

**Ökomag**
Основната состојка со магнет
на еко-домаќинството

**Turbo Booster**
Едноставно штедење на енергијата

**SCD**
пробиотични
производи

**ÖKONET**
**ПАСТА ЗА ЗАБИ**

**SLIM 40**
*за виткоста...*

**Reg-Enor**
Комплексна промена на
начинот на живеење

**DENT-AZUR+**
Темелот на оралната хигиена

**Hair Nice**
Семејство на производи за нега на косата

## Можете да направите деловна инвестиција од секојдневни рутински производи!

# Еко-свесно и економично домаќинство со Biocom

„Да купуваме од едно место!“ Со ова практично решение им помага Biocom на сите кои – покрај гарантираниот квалитет – ги сметаат штедењето на енергијата и штедењето на паричникот за еднакво важни во духот на еколошкиот пристап. За производите употребувани секој ден, ние „одиме“ во истата продавница каде што и стотици илјадници други: на веб страната webshop.okonet.hu која е партнерска фирма на Biocom во Унгарија.

Еко-свеста полека се среќава во сите полиња на животот во што ова претпријатие има повеќедецениска предност и искуство. Затоа можеме храбро да тврдиме: тој што, во духот на ослободувањето од хемикалии, го избере Biocom ќе може да води домаќинство кое става акцент на озеленувањето со испробани методи. Од бањата до кујната, од чистењето на станот до негата на телото, многу нешта можат да се купат од едно место и, згора на тоа, дури и со сè повеќе растечки попусти, што исто така нуди и деловна можност.

Книшкава е наменета да привлече внимание и претставува само дел од асортиманот на Biocom. Уште подетални описи и табели со активни агенси можат да се прочитаат на официјалната веб страна на поединечните производи. За повеќе информации, постете ја веб страната webshop.okonet.hu а, за вести, порталот biocomnetwork.hu и храбро прашајте го оној кој Ви го дал ова издание в рака за сопствените искуства!

Ви посакуваме добро здравје!

# Заштита без мириси, освежување без алуминиум: Natur Deo

**Рол-онот кој може да се користи без оглед на возраста и полот е направен без алуминиум но не го спречува потењето туку непријатните мириси, со помошта на природни состојки. Да излегуваме од бањата секое утро со доживувањето на Natur Deo кое обезбедува трајна заштита на природен начин без да ги затвори порите!**

## Ги неутрализира мирисите на природен начин

Natur Deo го спречува размножувањето на бактериите кои ја претворуваат потта од телото во соединенија што предизвикуваат непријатни мириси. Понатаму, истото хемиски ги врзува молекулите на непријатните мириси што се создаваат. Активните агенси кои се погодни за кожата помагаат на природен начин да се умери потењето додека не ги затнуваат порите ниту оставаат лепливо чувство зад себе. Тие ги неутрализираат непријатните мириси без да му пречат на природното работење на кожата. Додадениот мирис изваден од сандаловото дрво се состои од природни молекули и не содржи алергенски компоненти во количество кое би можело да предизвика чувствителност. Антибактеријално и антисептично дејство со укинување на мириси: само природно!




## Не потењето треба да се укине!

Дезодорансот без алуминиум направен од природни суровини го спречува не природниот процес на потењето. Треба да се укинат непријатните мириси на телото и да се регулира прекумерното потење наместо целосно да се спречи потењето.



# Универзален препарат за повеќе пунктови во станот: сапун

Течниот сапун дистрибуиран од Biocom е накратко универзален детергент. Уште пократко кажано: истиот важи за легенда меѓу оние кои го употребуваат производот со децении! Иако, се разбира, не постои такво нешто што е „добро за сè", врз основа на искуствата, тој е способен за многу повеќе од тоа што може да се очекува од одлично средство за миење на рацете. Поволен е за нега на кожата на главата со првут и може идеално да ја чисти крајно сувата или пречувствителната кожа. Погоден е за перење и чистење и исто така може да има и својство за чистење дамки. Затоа може да се пренесе од бањата во кујната, а дури и во дневната соба при чистењето.

Покрај пакувањето од 500 мл, има и верзија во бокал од 5 литри па со леснотија се дотура САПУН-от со големи букви.

**ПРЕПОРАКА:** За чистење, исто така совршени се и Clean Soft и Clean Soft Plus подготвени со пробиотичната технологија на SCD!






# Врвни производи за нега на косата и кожата на главата: чистење и обнова




## Biocom шампон за коса (250 мл)

Неговите природни растителни активни агенси го поттикнуваат растот на косата, ги негуваат корените на косата, ги зајакнуваат влакната, ја исчистуваат кожата на главата, го намалуваат прекумерното маслосување и го потпомагаат дишењето на кожата. Содржи органски состојки во 82%!

## Biocom балсам за коса (250 мл)

Biocom балсамот за кондиционирање на коса е неопходен во случај на фарбана, сува, слаба и бледа коса која тешко се чешла и често се заплеткува, со расцепени краеви. Препаратот кој содржи екстракт од семки на грозје, коприва, жалфија и кокосово млеко ги „сошива“ расцепените краеви на влакната, ја зајакнува структурата на косата и ги храни влакната, правејќи ги нивните површини глатки. Благодарение на природните активни агенси, обезбедува заштита од штетните дејства на хемиски третмани и честото миење. Етеричното масло од иланг-иланг дава хармонија а подмладувачкиот ефект на етеричното масло од грејпфрут ја прави негата на косата уникатно доживување.




## Biocom крем за коса (50 мл)

**Крем за нега на косата и кожата на главата – интензивен и комплексен!**




**Растителните активни агенси –** матични клетки од босилек, јојоба, семки од грозје, волчји трн, морков, рузмарин, пеперминт, геранијум, кедар, коприва, женшен – влијаат врз кожата, ткивата под кожата, корените на влакната и притоа врз целата коса.

**Последица:** Се наполнуваат резервите со минерали и витамини на кожата на главата, се чистат ткивата под кожата на главата, се поправа циркулацијата на крвта и лимфната циркулација, се активираат матичните клетки „во мирување“ и производството на косата ќе биде оптимално, па се препорачува за интензивен третман на разретчување на косата, ќелавење, косопад во зони и кожа на главата со првут и јадеж.

**Препорака:** По препорачаното време на дејство, измијте ја косата двапати со разреден Hair Nice шампон и користете го Hair Nice балсамот по потреба!

**ПРЕДЛОГ за интензивен третман при тегоби:** Користењето на Кремот за коса во форма на кура, како и внатрешната терапија составена врз основа на откриените причини можат да дадат голема помош за успешниот третман на тегобите.

## Biocom серум со матични клетки




Исто така му припаѓа на семејството на производи Hair Nice и серумот за зајакнување на косата без миризливи супстанци, без сулфат, без презервативи и без боја.

Тој е природен козметички производ со витализирачко, тонизирачко, регенеративно, кератопластично, антисептично и антивоспалително дејство, благодарение на содржината на растителни матични клетки, витамин Б5, растителен кератин, рузмарин, MSM, кофеин и екстракт од семките на грејпфрут. Растителните матични клетки имаат генетски фактори слични на матичните клетки на возрасен човек со кои може да се повлијае врз функционалноста и виталитетот на кожата и на корените на влакната.

**Се препорачува да се користи:** при опаѓање на косата, разретчување на косата, ќелавење, косопад во зони, појавување на првут и чешање на кожата на главата.
Секојдневната употреба има за цел обновување на косата.

## Biocom серум против белеење на косата

Тој е насочен кон враќањето на производството на боја на косата со помошта на растителни матични клетки на природен начин. 22-те растителни компоненти на серумот кој содржи растителни активни агенси и се произведува без парабени, бои и силикон делуваат на три нивоа:

- растителните матични клетки го стимулираат производството на меланинот,
- активните агенси со антиоксиданти го неутрализираат дејството на „изблeдување" на хидроген пероксидот што се создава во организмот,
- Хранливите активни агенси ги доставуваат потребните витамини, минерали и ензими непосредно до корените на влакната.

**Нека биде дел од дневната рутина:** Нанесете неколку капки серум по потреба на целата површина на кожата на главата со коса или само на потребните делови со недостаток на пигмент/со бели влакна!






# Mirtill во секојдневјето: крем и спреј




## Mirtill: Производ за општа нега на телото (50 мл)

По назив, Mirtill е производ за општа нега на телото но фантазијата на искусните корисници на производите на Biocom е неограничена во поглед на опсегот на употребата. Фактот дека унгарскиот производ е дел од палетата на производи со децении означува дека искуствата за него се одлични! Кремот се препорачува за секој вид на кожа но особено поволен е за масна кожа со големи пори, во случај на акни, како и за отстранување на брчките по депилирање, односно по сончање или солариум. Од употребата, кожата ќе биде мазна на допир и блескава. Содржината на ментол создава пријатно ладно чувство и – благодарение на бројните специјални активни агенси – ја хидратира, регенерира, чисти, смирува и заштитува кожата.




## Mirtill: Раствор за освежување и ладење на кожата (спреј од 200 мл)

Другата верзија на Mirtill, растворот за освежување и ладење на кожата, е препарат кој може да се примени повеќе пати дневно за да се освежат уморните нозе и раце. Содржината на камфор и ментол обезбедува пријатна миризба и ладно чувство при секојдневната нега на кожата. Растворот е со pH кое е неутрално на кожата па се препорачува за секој вид на кожа.

ПРЕПОРАКА: Постојат и посебни кремови предвидени за нега на рацете и нозете.



# Темелот на оралната хигиена: паста за заби и DENT-AZUR+

## Ökonet паста за заби (100 мл)

Уникатниот состав на Ökonet пастата за заби (природни активни агенси, природни засладувачи, конзерванси, средства за пенење и бои) обезбедува совршена нега на забите и на непцата при редовно користење. Нејзините природни активни агенти со антибактеријално дејство се: пеперминт, анасон, цимет, каранфил, жалфија, магдонос и масла.

## Ксилитол за помош

За дејството на ксилитолот кое е поволно за забите е докажано дека е ефикасно средство против кариесот. За разлика од различните шеќери, по неговиот хемиски состав, бактериите во устата не можат да го искористат ксилитолот како храна па не почнува ниту создавањето на киселината кое е одговорно за расипувањето на забите.

**Затоа, ксилитолот може во значителна мера да Ви помага да го зачувате здравјето на забите бидејќи:**

- истиот го спречува создавањето на киселина од страна на бактериите во устата,
- може да ја намали наслагата на плак,
- може да го забави создавањето на забен камен,
- може да им овозможи на минералите да се вградат повторно во забната глеѓ.








## DENT-AZUR+ раствор за нега на непцата и устата (20 мл)

### DENT-AZUR+ е дел од секојдневната орална хигиена!

Еден од главните елементи на чување на здравјето е соодветната нега на забите и устата. Оригиналните состојки придонесуваат за оралната хигиена и чувањето на здравите заби и непца и можат да придонесат за превенцијата на несаканите симптоми кои се резултат од гингивитисот. При користење на протези, честите тегоби на слузницата во устата можат да се ублажат ако се третира, односно намачка пределот кој е во директен контакт со протезата.

Изваден на природен начин од вртипопот и ајдучката трева, азуленолот – активниот агенс на DENT-AZUR+ присутен во концентрирана форма – има изразито антивоспалително дејство, додека ментолот од пеперминтот има дејство на ладење и анестетичниот ефект на камфорот е општо познат. Богатата содржина на етерични масла придонесува за чувањето и враќањето на здравата флора на усната шуплина.




**Примена:** За секојдневна нега на усната шуплина, ставете 5 капки врз пастата за заби или додајте 5-10 капки раствор до млака вода од 50 мл и промијте ја устата со тоа трипати дневно!

Во случај на чувствителни непца, ставете 5 капки на мало стапче со вата за убаво да се впие во ватата па притиснете ја на чувствителниот предел или на непцата и држете ја за 5-10 секунди!

# Нега на рацете, ноктите и нозете во секојдневјето




## Ökonet крем за нега на рацете и ноктите

Ökonet кремот за нега на рацете и ноктите е производ во пакување од 250 мл кој се препорачува за дневна употреба. Поради содржината на вртипоп, невен и алое вера, тој може да помогне да се направат сувата кожа и нокти меки и може да ги заштити рацете од сушењето. Дополнително на популарниот децениски производ, истакната понуда во оваа категорија се и трите члена на класа на производи со супериорен квалитет. Од природните козметички производи на Botanifique („чудата на ботаничката градина...“), два ја преправаат негата на рацете во уживање а еден негата на нозете.







## Hydrafine Body Butter

(Путер за тело - ѓумбир и босилек, - зелен чај и вербена)

Богатиот Botanifique Hydrafine путер за тело е препарат со основа од авокадо, какао и путер од шеа кој интензивно хидратира, а воедно е и коктел од масло од баобаб и моќни витамини, што го интензивира здрвјето на кожата со хидратација. Направен е со антиоксидантен зелен чај и вербена за освежување. Кадифената емулзија се впива во кожата и ја задржува нејзината содржина на природна влага за да нуди хранливо доживување.




## Deep Fusion Foot Cream

(Крем за нега на нозете - нане и еукалиптус)

Со интензивни и хидратирачки екстракти од какао и путер од шеа кои се одлично погодни за нега на сувите и испукани потпетици со смирувачкото дејство на нането за освежување, надополнето со дезодоранснот ефект на еукалиптусот. Благодарение на високата содржина на антиоксиданти, ги подмладува Вашите нозе. (Пакување од 125 мл)




Fresh Flora | Herbal Harmony | Sweet Orient



## Duo Care Hand & Body Lotion

(Производ за нега на рацете и телото)

Размазувајте ја Вашата кожа со интензивна формула со двоен ефект! Производот ги спојува благопријатните дејства на алое верата, хранливата розова вода и рузмаринот заради совршената хидратација која помага да се зачува природната рамнотежа на pH во кожата. (Пакување од 125 мл, во 3 ароми)

**ПРЕПОРАКА:** Погледнете го целиот дијапазон на **Botanifique** предвиден за домашна употреба за квалитетната нега на кожата!

# Ѕвездите на кујната: органски детергент за перење садови и средство за одмастување

Органскиот детергент за перење садови и Средството за одмастување за во кујна – кои се подеднакво направени со пробиотична технологија – ги отстрануваат маста и изгорените остатоци со природни состојки.

Органските површински активни супстанции содржани во производите не само што ефикасно ги отстрануваат нечистотиите а и придонесуваат за создавањето на здрава бактериска култура по физички пат. Ова семејство на производи е безбедно за Вашето семејство и за Вашите миленичиња!

## Економично перење садови со поштедување на кожата:

Турете 6-10 мл детергент за перење садови во 5 л вода! Чисти ефикасно, без прекумерно создавање пена; достапен во пакување од 500 мл. Згора на тоа, благодарение на екстрактот од масло од семките на грозје, ја поштедува кожата!

## Еве толку лесно е одмастувањето:

Прскајте го средството за одмастување во пакување од 500 мл непосредно врз површината која треба да се исчисти во кујната (шпорет, мијалник, аспиратор, ќерамиди, итн.) па – по кратко време на чекање – избришете го со сунѓер или крпа!

## И двете се еколошки бидејќи:

- не содржат фосфат или парабен,
- добро се разградуваат биолошки,
- не се тестирани на животни,
- не содржат палмово масло,
- не содржат хлор.






# Држете ја бањата чиста вака!




## Средство за чистење на санитарна опрема и тоалетот (500 мл)

Со природни состојки чисти и отстранува остатоци од сапун и бигорот од проблематичните површини во бањата и тоалетот.

## Направено е со пробиотична технологија

Органските површински активни супстанции содржани во производот не само што ефикасно ги отстрануваат различните нечистоти а и придонесуваат за создавањето на здрава бактериска култура по физички пат. Ова семејство на производи е безбедно за Вашето семејство и за Вашите миленичиња!

## Еве толку лесно се употребува:

Прскајте го непосредно врз површината која треба да се исчисти во бањата па – по кратко време на чекање – избришете го со сунѓер или крпа! Не може да се користи на површини кои се чувствителни на киселини, на пр. мермер, терацо декор ќерамиди и некои површини со емајл.

## Еколошко е бидејќи:

- не содржи фосфат или парабен,
- добро се разградува биолошки,
- не е тестирано на животни,
- не содржи палмово масло,
- не содржи хлор.





# Чистење со мирис на мандарина без хемикалии

## Clean Soft (0,5 литар) со мирис на мандарина

Концентрат од универзално средство за чистење за домаќинството со пробиотична култура за чистење која целосно се разградува биолошки и со екстракт од кора на мандарината.

Пробиотично средство за чистење во течност развиено со природна ферментација со помош на пробиотичната технологија на SCD:

- вади маст и разни нечистотии од повеќето површини,
- чисти и гланца,
- производ кој е погоден за кожата и животната средина,
- ги намалува талозите и непријатните мириси во одводната мрежа.




Силата на етеричното масло од мандарина се спојува со силата на живите микроорганизми со благопријатно дејство.

**Примена и дозирање:** Се препорачува да се користи разредено. Односот на тоа може да варира зависно од видот и количеството на валканоста. Општа препорака: 5 мл измешани во 5 литри млака вода за миење на подот или за чистење на површини со рачна прскалка. Разредената доза треба да се користи во рок од 3 дена.



# Совршено чистење со разградување со мирис на нане и лимон

## SCD Clean Soft Plus (0,5 литар)




SCD Clean Soft Plus (0,5 литар) е нов член на Clean семејството на производи со поефикасни состојки, со мирис на нане и мандарина, што содржи милиони од патентираните пробиотици на SCD. Овие пробиотици со благопријатно дејство и ензимите произведени од нив, како и други биоактивни супстанции се борат против разноразните нечистотии со природна ефикасност без хемикалии.

Clean Soft Plus:

- вади масни и разни нечистотии од повеќето површини (ќерамиди, подни плочки, дрво, нерѓосувачки челик, хромирани површини, пластика, ламиниран паркет),
- го вади бигорот,
- чисти и гланца,
- производ кој е погоден за кожата и животната средина,
- не содржи хемикалии кои се штетни на луѓе, животни или растенија,
- ги намалува талозите и непријатните мириси во одводната мрежа,
- целосно се разградува биолошки.



**Општо упатство:** Clean Soft + е концентрат кој може да се користи и чисто и разредено со вода. Начинот на употребата зависи од видот и количеството на валканоста.



# „Зелено“ перење – и за бели алишта:
## Универзален гел за перење

Гелот за перење направен со пробиотична технологија поштедувачки чисти и ги вади различните нечистотии од алиштата. Благодарение на природните состојки, Вашите алишта остануваат меки по перење и се укинува и осивувањето. Органските површински активни супстанции содржани во производот не само што ефикасно ги отстрануваат различните нечистоти а и придонесуваат за создавањето на здрава бактериска култура по физички пат. Ова семејство на производи е безбедно за Вашето семејство и за Вашите миленичиња!




## Ја штити животната средина бидејќи:

- не содржи фосфат или парабен,
- добро се разградува биолошки,
- не е тестиран на животни,
- не содржи палмово масло,
- не содржи хлор.





# Магнетниот основен дел од еко-домаќинството: Ökomag




## Ökomag (Мека магнетна топка)

**Името стана вистински поим во изминатите децении. Таа ја прогласува еко-свесната филозофија на компанијата во машините за перење и перење садови на стотици илјадници!**

Топката може да се користи за вадење бигор во машини за перење и перење садови, како и за намалување на употребата на детергенти.

### Поволните својства на Меката магнетна топка:

- го спречува создавањето на талози на бигор,
- го смалува количеството на користените детергенти и средства за омекнување на водата,
- ја штити животната средина,
- лесно се употребува.

Примената на Ökomag е мошне практична бидејќи топката просто треба да се стави во машината за перење или перење садови и да се пере заедно со алиштата, односно со садовите.

### Понатамошни предности:

- направена е од полиетилен со можност за рециклирање,
- не прави шум во машината за перење,
- ги поштедува испраните алишта.

# Кралот на бавчата: природното AGRO!

## Ökonet Agro (1 литар)

**Специјален микробиолошки препарат за зголемување плодови кој го подобрува квалитетот на почвата, ја зголемува активноста на животот во почвата и го поддржува создавањето на хумусот. Може да се примени со сите култивирани растенија.**

**Дејствата на Agro:**

- **Подобрување на биолошката, хемиска и физичка состојба на почвата.**
- **Поправање на микрофлората на почвата и интензивирање на виталитетот и биолошката активноста на почвата.**
- **Подобрување на структурата на почвата, поповолно управување со водата, помалку работа со почвата.**
- **Чување на хранливи материи, разградување и претворување на органски материјали во вредни биоактивни материјали, како на пример: органски киселини, антиоксиданти, витамини, фитохормони, ензими и специфични антибактеријални супстанции.**
- **Овозможување на разоткривањето на микро- и макроелементи.**
- **Зголемување на содржината на хумусот, надополнување хранливи материи и обезбедување на цикличноста.**
- **Попречување штетни микроорганизми и процеси на распаѓање.**
- **Интензивирање процеси на фотосинтеза.**
- **Овозможување поголема способност за ‘ртење и создавање корени и фиданки.**
- **Рамномерна плодотворност и созревање, избалансирано и поголемо количество на плодови и подолго време на складирање.**






**Понатамошни својства и предности:**

- Не може да се предозира, нема несакани ефекти, не е токсично.
- По примената, нема задолжително време на чекање до бербата.
- При постојано користење, може да се намали растењето на плевел.
- Жив, концентриран мулти-микробијален препарат во течност чии состојки се од природно потекло.
- Препаратот не содржи хемикалии, е безбеден и не ѝ штети на животната средина.
- Препаратот не содржи организми кои се штетни или инфективни од медицински, ветеринарски или фитосанитарен аспект, ниту други загадувачки материи.

**Препораки за употреба:**

- Во градинарски култури, за третман на листовите и за зајакнување на растенијата во количество од 20-50 л/хектар, испрскано во густина од 10%, околу 4 пати за време на сезоната на раст.
- За наводнување украсни растенија во саксии, украсни дрвја и украсни жбунови, во густина од 1% (100 мл за 10 л вода).
- Спored искуствата, и намалените дози се ефективни при почесто користење, особено во лето.

**ПРЕПОРАКА:** На порталот за вести biocomnetwork.hu, сѐ уште можат да се прочитаат апликациите предадени за поранешните AGRO натпревари, со многу детали, слики за докажување и описи.

# Пробиотично средство за дезодорирање заради комфорот




## SCD „Магија за чевли“ (250 мл)

**Природен препарат за обезбедување ефикасно неутрализирање на мирисите со силата на пробиотиците чија употреба е безбедна и за Вашето семејство и за Вашите миленичиња. Се користи помошта на милиони пробиотици на SCD за производството на членови од SCD семејството на производи кои се ефикасни спрема мирисите од разни потекла и други проблеми.**

Со природни состојки и ефикасност без хемикалии, SCD „Магијата на чевли“:

- ги дезодорира Вашите чевли,
- притоа обезбедувајќи им чувство на комфор и здрава средина на Вашите нозе цел ден.

Состав: вода, SCD култури на пробиотични сои, овошни и растителни екстракти, природно етерично масло од чајно дрво, силт, морска сол. Препаратот содржи активни биолошки компоненти па може да се создаде талог во него што е резултат од природен процес а нема влијание врз ефикасноста.

Само еден прост потег: прскајте го непосредно во чевлите и оставете го да се исуши!



# Едноставно штедење на енергијата: Turbo Booster




**Јавно познато најголемите загадувачи на нашата средина и воздух се казаните кои горат јаглеводороди, како и моторите на возилата. Поради несовршеното согорување, значителен дел од енергијата во горивото не се искористува и многу корисна енергија излегува преку оџакот. Turbo Booster е развиен за решавање на овие проблеми.**

### Еве како работи:

Во куќиште во облик на прстен, сместени се специјални магнети така да создадат особено силно, хомогено магнетно поле во средината на прстенот. Силното магнетно поле ја укинува електростатското полнење на молекулите во горивото и го намалува вискозитетот па, при карбурацијата, горивото се разградува во многу поситни капки. Ситните капки подобро се мешаат со воздухот и притоа повеќе кислород доаѓа во контакт со молекулите на јаглеводородот, односно се забрзува согорувањето.

### Предности:

- Како резултат од посврешеното согорување, се намалува количеството на отровното CO и CH во издувниот гас.
- Монтирањето на Turbo Booster не ги засегнува гаранциите на возилата или на казаните.
- Работниот век на Turbo Booster е практично бескраен: истиот не содржи делови кои се абат или бараат замена.



# Чиста вода за целото семејство!

## Зошто имаме потреба од домашен уред за прочистување на водата?

- Сè потешко ни е дојдеме до чистата вода неопходна за чување на здравјето,
- Не можеме да им се обезбедуваме доверливо надополнување на вода на бебињата, децата, старите и болни лица,
- водата користена за готвење не можеме да ја прочистиме,
- консумираме пијалаци оптоварени со бои и вештачки супстанции,
- сево ова го оптоварува нашето здравје во тешка мера,
- пиеме минерална вода чиј состав не е секогаш поволен за нас и исфрламе многу пластични шишиња,
- сите сме жедни и тоа ни чини многу пари.




# Reverse Osmosis

## Работен принцип: обратна осмоза (RO)

Во текот на обратната осмоза – како реакција на надворешниот притисок – растворувачот (чиста вода) протекува од растворот со повисока концентрација (загадена вода) кон тој со пониска концентрација (прочистена вода) преку полупропустливиот слој. Долж мембраните предвидени за прочистување на водата, водата која треба да се прочисти е во постојано движење со што постојано се отстрануваат нечистотиите таложувани на површината на мембраната. Овој начин на прочистување на водата е поефикасен од сите поранешни бидејќи, благодарение на својствата на мембраната, филтерот вади од водата за пиење дури и нечистотии кои се илјадапати помали од бактериите.



**Уредите за прочистување на вода се способни да отстранат од водата 95% од солидните материјали, како и 99% од органските материјали и од бактериите. Филтерот со најмалата дупка во системите за филтрирање на малите уреди за отпослежно прочистување на вода за пиење кои работат на принцип на обратната осмоза е 0,0001 микрон.**








**Може да се инсталира во секоја кујна едноставно и брзо.**

# WATER FILTER RO 102-A УРЕД ЗА ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ВОДАТА

RO 102-A уредот Ви обезбедува безбедна и чиста вода за пиење со помош на технологијата на обратната осмоза. Обезбедува супериорен квалитет на вода без употребата на хемикалии и електрична струја. Со помош на RO 102-A системот за прочистување на водата, чиста вода за пиење со сигурен квалитет тече од чешмата 24 часа дневно па Вашето семејство веќе не треба да купува вода во шише од продавницата и да исфрла многу празни шишиња.




**Совет:** Го препорачуваме на семејства кои имаат соодветен притисок на водата во домаќинството.



# WATER FILTER RO 102 УРЕД ЗА ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ВОДАТА




**RO 102 е опремено со пумпа за зголемување на притисокот што гарантира брзо полнење на резервоарот и при понизок притисок на водата во мрежата и притоа соодветно снабдување со вода. Дополнителна предност и на двата уреди е дека произведуваат вода која...**

- **е здрава,**
- **е свилено нежна,**
- **не завршува,**
- **не е полна со туѓи супстанции и нечистотии,**
- **се наоѓа дома па не треба да се носи дома,**
- **е мека и не прави бигор во садовите,**
- **е погодна за било какво готвење,**
- **може да се консумира и во поголемо количество и може да се произведе евтино,**
- **има добра способност за растворување и може да се користи на разнообразен начин.**

**Совет:** Го препорачуваме на семејства кои имаат несоодветен притисок на водата во домаќинството.

# RO 929 - УРЕД ЗА ПРОЧИСТУВАЊЕ ЗА ВО КАНЦЕЛАРИЈА

## Жежок чај, ладна, прочистена вода – веднаш.

**Чиста вода може да се направи со притиснување на копче!**

Тој е идеален извор на вода за семејства, училишта, детски градинки, канцеларии и заедници. Уредот се произведува во верзија за ставање на подот. Истиот е предвиден за места каде што постојано има потреба од ладна, топла и вода на собна температура. (Не прави газирана вода!)

Може да се користи во домаќинството, канцеларијата и институции подеднакво оптимално.

24 часа дневно обезбедува свежа и здрава вода за пиење што ја лади или топли по потреба но – се разбира – ја дава и на нормална температура.

Има независни копчиња за ладење и топлење, повторно топли до 98 °Ц и автоматски се исклучува ако резервоарот е празен. Прелевањето се спречува со вграден пливачки вентил. Со неговата помош, веднаш може да се приготви супа, чај или кафе, односно на се пие ладна, здрава и вкусна вода. Овој автоматски диспанзер за вода за пиење за на под со RO систем кој обезбедува три различни температури, предвиден за употреба во канцеларијата, работи со управување со помошта на микропроцесор.



## 919 CWR уред за вода

Дополнителна машина без технологија за филтрирање. Одличен додаток за извор на чиста вода кој работи со обратна осмоза (на пр.: Water Filter RO 102-A). Жежок чај – ладна и чиста вода – веднаш.





# LOURDES

## ГЕНЕРАТОР НА ВОДОРОД




Консумирањето на вода богата со ВОДОРОД е камен темелник на нашиот живот! Пијте и Вие 6-8 чаши дневно од оваа вода и ќе правите веќе многу за сопственото здравје и за здравјето на Вашето семејство! Биолошката позадина е следното: по консумирањето, ВОДОРОДОТ стигнува до секое ткиво и клетка за 8-10 минути; благодарејќи на големината, лесно пробива низ клеточниот ѕид па истиот е најмалиот и еден од најефикасните антиоксиданти!

Пиењето на водата на Lourdes уредот богата со ВОДОРОД може да има позитивно дејство како на здравствената состојба така и на перформансите. Може да Ви помага да живеете подолго, во поенергична состојба!

# H2-gO чаша за правење вода со водород




**H2-gO е револуционерно нов пренослив уред кој ја збогатува водата со водород!**

Поради особено поволното одржување, едноставното ракување и чистиот дизајн, се препорачува на лица кои постојано се на пат, односно за домаќинства со едно лице.

Главните карактеристики:

- ORP вредноста на готовата вода е -150 / -350 mV, што претставува мошне висока вредност на антиоксиданти,
- пренослива е,
- мошне брза е (ја збогатува водата за 3 минути),
- едно полнење е доволно за изведување дури и на 50 програми,
- работниот век на акумулаторот може да одговара на изведувањето на 4500 – 7500 програми,
- нема делови кои бараат редовна замена,
- благодарение на производството со стакло, истата е многу похигиенска и лесно се чисти.




# Reg-Enor курата е избор број еден на членовите на Biocom

**Како влегува во каталог за домаќинството препарат кој е всушност предвиден за детоксификација? Затоа што Reg-Enor официјално е диететски додаток во течност кој содржи сурутка, витамин Ц и екстракти од семката на грејпфрут и влакна. Во реалноста, истиот е многу повеќе од тоа: тој е темелот на кура за промена на начинот на живеење која помогнал на стотици илјадници во некоја форма и има место на полицата на секоја куќа – па токму затоа не може да се помести ни од врвот на ТОП листата за потрошување.**

## Во што може да помогне Reg-Enor (курата)?

Според упокоениот унгарски пронаоѓач, рефлексолог Сигфрид Сабо, кога се тврди дека Reg-Enor® може да помогне „во било што", станува збор за систем од три елементи. Основата е течноста со диететски додаток но истакнато важни се и диетата согласно препораките и промената на начин на живеењето за време на Reg-Enor курата што се појавува не само во изборот на јадењата туку и во предложената физичка активност колку што е возможно. Врз основа на оваа комбинација, Reg-Enor® течноста со диететски додаток (заедно со диетата и промената на начин на живеењето) може да придонесе за соодветното работење на варењето и може да помогне со исчистувањето на штетни наслаги од организмот преку активирањето на процеси на самоизлекување. Како што покажуваат примерите, во многу случаи, резултат на комплексниот процес може да биде дури и намалување на тежината.



## Што може да биде главниот извор на проблемите деновиве?

И во научните кругови е прифатено мислењето дека исхраната на модерното време – готова храна со презервативи, преработена храна место сурова храна – силно ги преоптоваруваат екскреторните органи, намалувајќи ја шансата за природна регенерација. До ова се додаваат и начинот на живеење со малку физичка активност, стресот и недостатокот на одмор. Типични се проблемите во чија основа се наоѓаат лошото варење, нарушувањето на метаболизмот и здебеленоста.

## Како може Reg-Enor да биде добар одговор?

Една кура – значи еден систем – како дел од промената на начин на живеењето во што свесниот избор на храната добива важна улога. Да се вратиме на навиките на исхрана на нашите баби и дедовци, прабаби и чукундедовци и не мораме ниту да постиме за време на Reg-Enor курата! Сево ова значи разновидна и урамнотежена диета со консумирање на храна која не се ферментира или гние во системот за варење, за разлика од храната со висока содржина на шеќер.

## Reg-Enor е клучот на системот од три елементи.

Според десетици илјадници искуства од минатата деценија, производот работи како клуч на моторот: ги стартува и ги држи процесите во движење. Меѓутоа, точно е тоа дека залудно е да се има производот ако не ја јадеме препорачаната храна за време на курата... Значи курата се состои не само од производот туку и од комплексна промена на начинот на живеење која е неизбежна.

**ПРЕПОРАКА:** Многу диететски предлози, рецепти и искуства за темата се достапни **на веб страната** regenor.hu.






## Производите од SLIM семејството на производи можат да им помогнат на тие кои сакаат да слабеат!

**SLIM 40** е диететски додаток - напиток во прав со вкус на вишна или крушка а **SLIM 40 Burn** е препарат за поддршка на диета, односна на кура што е совршен додаток на оригиналниот напиток во прав за слабеење.




## Глукомананот во SLIM 40 е вкусен како библиската мана

Глукомананот – најважната состојка на Slim40 без шеќер но сепак вкусна – придонесува за намалување на тежината на телото во рамките на диетата со намалена содржина на енергија. Во голема мера го потпомага слабеењето ако – со внимателна исхрана, со намалување на бројот на калориите и, по можност, со вклучување физичка активност – и самиот корисник на курата прави напори за таа цел. Активниот агенс на глукоманот, или – накратко – на слоновото уво, е основата на диететски додаток кој има висока содржина на влакна. Има фантастична способност: штом се измеша со вода, станува желатинозен па го исполнува желудникот бидејќи влакната ја впиваат водата. Додека „патува" низ телото, го поттикнува работењето на цревата и на желудникот но, според согласни извори, исто така може да го нормализира и нивото на шеќер во крвта и може да му помогне и на варењето. Згора на тоа, поради содржината на влакна, може да придонесе и за детоксификацијата.






## SLIM 40 Burn: ја поддржува курата

**SLIM 40 Burn е диететски додаток во капсула без кофеин кој содржи Л-карнитин, екстракт од бел „бубрег" грав, други растителни екстракти, хитозан и хром за стартување на метаболизмот.**

### Поддржува и помага

Slim40 Burn е диететски додаток кој ги поддржува диетата и курата со напитокот во прав. Благодарение на комплексните активни агенси, тој може да го потпомага процесот и на повеќе начини. И тоа така без да содржи разни стимуланси кои би го дигнале крвниот притисок. Благодарение на дејството на намалување на впивањето на јаглехидрати и маст, производот се препорачува како дополнување на класичната исхрана или/и диетата со SLIM 40 но функционира и самостојно. Освен тоа, може да има и индиректно дејство на енергетизирање во врска со промената на начин на живеењето.

## SLIM Hot Gel

**Каде што треба, делува – локално согорување на масти и третман против целулит со затегнување на кожата**

Сакате ли да го фокусирате согорувањето на масти токму таму каде што диетите не секогаш достигнуваат? Со задоволство би се ослободиле од целулитот со помошта на крем за надворешна употреба со дејство на топлење? Решението може да биде производот на Biocom, SLIM HOT GEL бидејќи редовното користење може да помогне во третманот против целулит и стрии, во намалувањето на наслагите на масти, во постигнувањето на идеалната контура на телото, како и во затегнувањето и хидратацијата на кожата. Локалното согорување на масти и третманот против целулит се случуваат со помошта на специјални состојки, т.е. масло од пиперка, кофеин и Л-карнитин, а не специфично за делот на телото. Згора на тоа, не содржи вештачки бои и синтетични есенции со мирис!








## Вака да ги пазиме нашите миленичиња!

Immuno-Drops Dog & Cat (во пакување од 100 мл) е ефикасен имуностимуланс и додаток на крма за активирање на метаболизмот.

**Еден од неговите активни агенси е DMG (диметил-глицин аминоза):**

- молекула која е неопходна речиси за сите биохемиски процеси во организмот,
- со неговата употреба, имунолошкиот одговор може да се зголеми дури и 400-кратно (!),
- ги поддржува регенеративните процеси.

**Другата главна компонента е Лактоферин:**

- содржи материјали кои се неопходни за создавање на цревната флора, како и за развој и интензивирање на работењето на имунолошкиот систем,
- додека врши антибактеријално дејство во цревата.

**Понатамошни предности:** антивоспалително дејство и помошна улога на витаминот Б12 како важна компонента во повеќе пунктови.
**Состав:** DMG (диметил-глицин), лактоферин, таурин, витамин Б12, глицерин, лимонска киселина, дестилирана вода.
**Квалификација:** додаток на крма произведен од лиценциран и регистриран производител.
**Упатство за користење:** преку устата или измешана во храната; во вториот случај, да не биде жешка зготвената храна!

**Дозирање (за кучиња или мачиња):**

| | |
|---|---|
| 0-9 кг телесна тежина | 1,0 мл/ден |
| 10-18 кг телесна тежина | 1,5 мл/ден |
| 19-36 кг телесна тежина | 2,0 мл/ден |
| 37-45 кг телесна тежина | 2,5 мл/ден |

над 45 кг: 3,0 мл/ден

Целосно стисната пипета собира 1 мл течност. При потешки случаи, можат се применат и дво- или трикратно поголеми дози од тие погоре. Не се познати контраиндикации или интеракции со лекови.




## Да носиме со себе здрав напиток!

Матарката е речиси неопходна за искусен корисник на производите на Biocom, особено ако истиот веќе има уред за прочистување на водата. Тогаш единствената граница му е фантазијата да си одлучи каков здрав и вкусен коктел ќе меша за себе и ќе носи со себе, распределувајќи го за цел ден. Одлична лимонада може да се направи со напитокот во прав со витамин Ц+витамин Д+MSM; наменет за деца, KinderVit се огласува во два вкуса; KetoGreen и Immun Supreme (алга) можат да ни го направат денот позелен; комбинацијата Колаген+Влакна+Амино добро се наоѓа во било кое време; Флавоноид комплекс може да додаде дополнителна боја и вкус.
(Но и по будење ќе ни биде од корист кога се става Mikrobiom прашината во вода...)

## Пренослива „аптека“ на Biocom




Често можеме да се најдеме во ситуации – не само при деловни патувања или кога сме на одмор туку и во секојдневјето – кога тешко би било во еден пакет да ги носиме со себе сите кутии со капсули и апчиња кои ги земаме „со редовна нередовност“. На пример, многу поедноставно е да се среди пладневната или вечерната доза ако истата ја подготвиме однапред па елегантниот држач за капсули не зафаќа место поголемо од едно марамче, односно може да се собере во најмалиот агол во торбата. Затоа, во никаква ситуација не мораме да се откажеме од свесното чување на здравјето и користењето на диететски додатоци. Освен тоа, заедно со матарката, можеме да управуваме со вистинска мобилна „аптека“!



# Топ 10-те производи




## 1. Reg-Enor

Според десетици илјадници искуства од минатата деценија, производот работи како клуч на моторот: ги стартува и ги држи процесите во движење. Меѓутоа, точно е тоа дека залудно е да се има производот ако не ја јадеме препорачаната храна за време на курата... Значи курата се состои не само од производот туку и од комплексна промена на начинот на живеење која е неизбежна.




## 2. Напиток во прав со Колаген + Влакна + Амино

Овој специјален препарат го поддржува организмот на секој план на убавината! Затоа е одличен додаток за тие кои се на кура, односно на диета, или учествуваат во програми за слабеење, како и за сите кои живеат со акцент на здравјето, убавината и флексибилноста и сакаат да си го потпомагаат варењето.




## 3. Екстракт од семката на грејпфрут

Се користи со децении како природен бактерицид, вирицид и фунгицид. Може да им го претставува најдоброто решение на тие кои бараат антимикробијално средство со широк спектар. Според искуствата, во доста мало количество, екстрактот може да биде успешен при уништувањето на стотици различни бактерии, сои на вируси и паразити, додека не ги оштетува полезните сои на бактерии.




## 4. 15 Day Total Body Cleanse

Сакате ли Вашиот организам понекогаш да се олесни? Сакате ли да ја зајакнете отпорноста со празнење на токсините? Имате ли малку повеќе од две недели за темелно чистење? Ако Вашиот одговор на сите три прашања е да, Total Body Cleanse – курата на Biocom во времетраење од 15 дена – е за Вас!




## 5. Slim 40+Burn

Препаратот на Biocom во голема мера го потпомага слабеењето ако – со внимателна исхрана, со намалување на бројот на калориите и, по можност, со вклучување физичка активност – и самиот корисник на курата прави напори за таа цел.




## 6. Q-Vital

Количеството на коензимот Q10 природно се намалува со стареењето. Од тоа поаѓа претпоставката дека истиот може да биде една компонента во рецептот за младост па – поради тоа – вреди да се посвети посебно внимание на надополнувањето на постара возраст!




## 7. Immun Supreme

Производ кој може да изврши вистинско генерално чистење во организмот! Освен тоа, истиот претставува три предности: чистење, хранење и заштита на клетките. Содржи приближно 4000 хранливи и витални материи, надополнети со астаксантин кој е еден од најсилните антиоксиданти и врзувачи на слободни радикали на светот.




## 8. Маслиново дрво

Штитете го Вашиот организам од штетните вируси и бактерии со овој препарат со особено силни активни агенси! Резултатот е гарантиран бидејќи докажано е и со истражувања дека ензимите на маслиновото дрво успешно се борат дури и против ретровирусите.




## 9. Krill Oil

Крил маслото е извор на омега-3 кој се смета за најсигурен. Недостатокот на омега-3 масни киселини може да преставува уште поголем проблем и од диетата сиромашна со влакна и може да биде главна причина за штетните ефекти на цивилизацијата кои се присутни и рапидно се шират во развиениот свет.




## 10. Flora Plus

Содржи седум сои на пробиотици за цревниот тракт предвидени за одржување на работењето и микробијалната рамнотежа на системот за варење и на цревата. Има приближно 4 милијарди живи микроорганизми.

ТОП10 листата е составена врз основа на одлуките на потрошувачите и постојано се менува. Меѓутоа, важни се и останатите 170 производи кои често задоволуваат специјални барања па вреди да се прочита и **Каталогот за здравје** кој претставува диететски додатоци, односно истиот да се разгледа онлајн на веб страната **webshop.okonet.hu**.




Ве молиме погледнете ја и нашата веб продавница каде што ќе најдете повеќе ажурирани и корисни информации за асортиманот на производи што се шири:

**webshop.biocomag.ch**

Нашите партнери:

**webshop.okonet.hu**

**biocom-international.ro**

**biocom-international.eu**

**biocom-international.rs**

Купувањето во нашата продавница е условно од регистрација;
за условите можете да читате на страната.

BIOCOM4YOU.COM

biocom4you.com

ПРОЛЕТ 2024